# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 3, март 2014 година


# ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА НА ССМ ПО ОДНОС НА ИСПЛАТАТА НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА



Претседателот Митревски на прес конференцијата

**13.03.2014**

Во Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа прес конференција по однос на Законот за минимална плата на која присуствуваа Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, Анѓелко Анѓелковски, секретар на Советот на ССМ и претседател на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ (СТКЧ), Павел Трендафилов, потпретседател на Советот на ССМ за приватниот сектор и претседател на Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Македонија (СГИП) и Роберт Симоноски, потпретседател на Советот на ССМ за организациски развој и претседател на Самостојниот синдикат на работниците од енергетика и стопанство на Македонија (ССЕСМ).

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски истакна дека Сојузот на синдикатите на Македонија и гранските синдикати здружени во ССМ будно ја следат состојбата во делот на спроведувањето на Законот за минимална плата, а како што беше објавено, зголемувањето на минималната плата во месец март изнесува 9,32%, што значи 3 патиповеќе зголемување од зголемувањето на животните трошоци или во износ од некаде 8.800,00 денари. Ако се земе предвид дека пред донесувањето на Законот за минималната плата во 2012 година, висината на минималната плата беше некаде околу 4.500 до 5.500 денари, првобитното зголемување на минималната плата беше 78,88%, а ако се има предвид дека во 2014 година со динамиката за зголемување на минималната плата до 2016 година, првата година зголемувањето е 9,32%, во 2015 година зголемувањето ќе биде 9.590,00 денари или зголемување од 8,98% за во 2016 година зголемувањето да биде 5,11% или 10.080,00 денари, што би значело дека минималната плата во 2016 година ќе биде повисока за 25,22%, од сегашната.Исто така, минималната плата во дејностите текстил, кожа и чевли според податоците зголемувањето во 2016 година ќе биде 31,21% од сегашната или во 2018 година повисока за вкупно 46,96% од платата во 2013 година. Зголемувањето на платата од 2012 година до 2016 година ќе изнесува 25,22%.

Претседателот д-р Митревски истакна дека ССМ заедно со Министерството за труд и социјална политика и синдикалните активисти договорени се веднаш штом ќе има непочитување на Законот за минималната плата, согласно овој закон веднаш да алармираат, а потребно е и работниците во сите оние претпријатија кои не се синдикално организирани што е можно побрзо синдикално да се организираат за да може синдикатот легитимно да делува во тие претпријатија и да му се овозможи на секој работник во Република Македонија да ја добива минималната плата загарантирана со закон.Исто така ССМ ја следи состојбата и разговара и со работодавачите и укажува и на казните кои се предвидени согласно законот за непочитување на Законот за минималната плата, па согласно член 7 од овој закон предвидени се казни во висина од 6.000 до 7.000 евра во денарска против вредност за работодавачот ако на работникот не му исплати минимална плата утврдена со закон и 3.000 до 4.000 евра на одговорното лице за неисплаќање на минималната плата.

Со оглед на тоа што ваквата минимална плата е утврдена заедно со социјалните партнери, а тоа се Владата и работодавачите, сметаме дека нема да има проблеми во делот на исплатата на платите, ова значи дека имаме подобрување на материјалната и социјалната положба на над 65.000 работници, а пред донесувањето за Законот за минималната плата имавме сериозен проблем со околу 80.000 работници кои земаа плата до 5.500 денари, па бенефитот со зголемувањето на минималната плата во 2014 година ќе опфати некаде околу 65.000 работници.

# ССМ ЗА ПРВ ПАТ НА ИЗВРШНИОТ КОМИТЕТ НА ПАН ЕВРОПСКИ РЕГИОНАЛЕН КОМИТЕТ (ПЕРК) ВО БРИСЕЛ



Состанок на Извршниот Комитет

**10.03.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, за прв пат откако постои Сојузот на синдикатите на Македонија по добивањето на статус на полноправен член на Светската Конфедерација на синдикати, на ден 10.03.2014 година во Брисел во зградата на Европски социјален и економски комитет (ЕКОСОК) присуствуваше на Извршниот комитет на PERC.

Еднодневниот состанок го отвори претседателот на PERC Михаил Смаков, а на состанокот свое обраќање имаа Шарон Буроу, генерален секретар на ITUC, Бернардет Сегол, генерален секретар на ETUC и Јаап Винен, заменик.

На состанокот беа разгледани повеќе прашања, меѓу кои: структура и мисија на PERC, план на активности на PERC за 2014-2015, активности на секција на жени и млади, најава за 3-тиот Конгрес на ITUC, номинација на членови на работни групи на МОТ, како и тековни прашања. На состанокот уште еднаш беше поздравен приемот на ССМ во ITUC и Извршниот комитет на PERC. Покрај ССМ, член на ITUC е и УНАСМ кој беше претсавуван од претседателот Слободан Антовски.генерален секретар на ITUC.

# СОСТАНОК НА РЕГИОНАЛНИОТ СИНДИКАЛЕН СОВЕТ„СОЛИДАРНОСТ“

**07.03.2014**

На 27 и 28.02.2014 година во Терме Тухељ, Тухељске Топлице беше одржан состанок на Регионалниот синдикален совет „Солидарност“. На средбата присуствуваше Сојузот на синдикатите на Македонија како и синдикатите од земјите од регионот Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словенија. Во рамките на оваа средба предвидена беше е и посебна програма за млади синдикалци.

На состанокот земјите од регионот ги презентираа измените во работното и социјалното законодавство во период од помеѓу двата состанока на РСС „Солидарност“ од април 2013 до февруари 2014 година. Сојузот на синдикатите на Македонија ја презентираше правната заштита, најновите измени на работното законодавство, националниот акциски план за вработување на младите 2015 од кои произлегоа и најновите мерки за вработување на младите од 18 до 29 години.

# ТРИБИНА: ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ
# ТЕМА:ПРОМОВИРАЊЕ НА НОВИТЕ МЕРКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ, ВЛИЈАНИЈАТА ОД ИСТИТЕ И НИВНИТЕ ОЧЕКУВАЊА



Трибината организирана од Секцијата на млади на ССМ

**11.03.2014**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија, се одржа Трибина во организација на Секцијата на млади при Сојузот на синдикатите на Македонија на тема „Вработување на млади“, на која претставници од Министерството за труд и социјална политика на Р.Македонија, Виолета Димитриева од Секторот за труд и Ирена Ристеска од Секторот за пензиско и инвалидско осигурување, имаа излагање по темата „Промовирање на новите мерки за поттикнување на вработувањето на младите,влијанијата од истите и нивните очекувања“. Учесници беа и претседатели и претставници на секциите на млади од Сојузот на синдикатите на Македонија и Секцијата на млади во рамките на своите цели исто така посебно место и дава и се фокусира на борбата против невработеноста и поттикнување на вработувањето, посебно на младите луѓе.

И покрај тоа што во текот на овој период невработеноста е намалена за 10%, сепак во рамките на невработената популација, големо место заземаат младите. Од тие причини од исклучително значење за сите нас, а посебно ССМ и Секцијата на млади е реализацијата на пакетот на мерки кои одат во насока на поттикнување на вработувањето на младите, како и нивно запознавање со мерки и политики со кои би имале активна позиција во овој процес. Значајно за нашите млади членови е да се настојува овие мерки што е можно пошироко да се применуваат и да се објаснуваат во нивните работни средини, бидејќи крајна цел на сите нас ни е што е можно повеќе овој пакет на мерки да се применува и со тоа истите да добијат практична реализација.

Ова е само почеток на една кампања која ќе ја води Секцијата на млади низ повеќе градови низ државата, каде заедно со Министерството за труд и социјална политика ќе се реализираат повеќе активности, кои би овозможиле пакетот мерки што е можно побргу да се искористи и младите луѓе да бидат инволвирани во процесот на работа.
Слични трибини ќе се организираат и преку синдикалните претставништва и канцеларии, за кои ќе се изработат посебен рекламен материјал и флаери .

Претставниците од МТСП, Виолета Димитриева и Ирена Ристеска ги појаснија мерките за поттикнување на вработувањето меѓу кои се: мерката за практиканство, вработување кај познат работодавач, мерката за самовработување и др.гранковите синдикати здружени во ССМ.

# 25-ТА СИНДИКАЛНА ШКОЛА НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ



**Обраќање на претседателот Митревски на 25-тата синдикална школа на УПОЗ**

**13.03.2014**

Во хотел Цар Самоил – Струмица се одржа 25-тата синдикална школа на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на РМ (УПОЗ). Школата ја отвори претседателот на УПОЗ Пецо Груевски, а свое обраќање имаше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, кој посебно се задржа на активностите кои ССМ ги имаше по однос на Законот за административни службеници и Законот за вработените од јавниот сектор.

Претседателот Митревски ги запозна присутните со активностите во делот на унапредувањето на работното законодавство, потенцирајќи ги промените во 2013 година, како и ратификацијата на трите темелни конвенции: Конвенција за трудова администрација бр. 150, Конвенција за работни односи (јавна служба) бр. 151 и Препорака за работни односи (јавна служба) бр. 159, кои беа основа за водење на преговорите и прифаќање на забелешките на синдикатите од јавниот сектор во ССМ во врска со Законот за административни службеници и Законот за вработените од јавниот сектор.Активности на ССМ во врска со текстот на предлог- законитеПоаѓајќи од значењето на материјата која што ја регулираат, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници (Сл. весник бр. 27/2014), Сојузот на синдикатите на Македонија сериозно пристапи кон разгледување и анализирање на предложените текстови на наведените закони.

# РАБОТЕН СОСТАНОК СО НАЦИОНАЛНИТЕ ТИМОВИ НА ПРОЕКТОТ: ДАНОЦИ, НЕФОРМАЛНА ЕКОНОМИЈА И КОРУПЦИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН


Работна средба на националните тимови

**24.03.2014**

Во х. Арка, Скопје, се одржа работен состанок со националните тимови на проектот “Даноци, неформална економија и корупција во земјите од Западен Балкан“ на кој присуствуваа Мартин Хутсебаут, експерт за даночна политика од ПЕРК, претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, ВД претседателот на КСС Виолетка Спасеска, Дивна Змејковска претставник од УНАСМ, Љубица Дековска- економски експерт од ССМ, Билјана Чикламовска- правен експерт од УНАСМ и Лидија Становкова- експерт за комуникации / кампањи од КСС.

На работниот состанок се разговараше за деталите и потребата за усогласување на националниот извештај за даночни системи и даночна политика во Р. Македонија, како и за позициите и ставовите на синдикатите кон овие политики. Крајниот резултат од работните состаноци е изготвување на компаративна анализа за сите балкански земји по однос на овие прашања.

# ТРИБИНА НА ТЕМА: ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА РЕФОРМИРАНИОТ ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ



Присутните на трибината

**26.03.2014**

Во Сојузот на синдикатите на Македонија, во организација на Секцијата за млади при ССМ се одржа трибина на тема: „Финансиска едукација за реформираниот пензиски систем“.

Трибината ја отвори м-р Лидија Насковска, претседател на Секцијата на млади при ССМ, а присутните ги поздрави д-р Живко Митревски, претседател на ССМ. На трибината свои презентации имаа: Татјана Стефановска претставник од Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување- МАПАС, Жарко Ордевски од Нов пензиски фонд, Игор Тасевски- КБ прв пензиски фонд и Јехона Рамадани– Сектор за пензиско и инвалидско осигурување од МТСП.

Целта на оваа трибина е да се подобри состојбата во однос на запознавањето на младите членови на синдикатите здружени во ССМ за состојбите во вториот и третиот пензиски столб преку чиешто функционирање се акумулираат и инвестираат средствата на личната сметка на членовите во пензиските фондови, со што се постигнува активно учество и индивидуален избор на граѓаните во обезбедувањето на пензиската иднина, истакна м-р Лидија Насковска, претседател на Секцијата на млади во ССМ.

ССМ во рамките на остварување на своите цели, а посебно Секцијата на млади, посебно место и дава на едукацијата на младите лица и заедно со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и двете приватни пензиски друштва – КБ Прво пензиско друштво и НЛБ Нов пензиски фонд, започнаа активности во насока на подобрување на едукацијата на младите во ССМ, преку орагнизирање на вакви трибини кои ќе продолжат и во следниот период и во другите градови во Р.Македонија.

# СЕМИНАР НА СИНДИКАТОТ НА СХНМ



Учесниците на семинарот

**30.03.2014**

Од 28 до 30 март 2014 година, Синдикатот на хемија, неметали и метали на РМ во одморалиштето на МВР Охрид одржа семинар на тема: „Осврт кон правилниците за минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработените на работниот простор и ризиците поврзани со изложување на хемиски супстанции“.

На семинарот учество земаа 44 учесници, а од кои 10 беа од збратимениот Самостоен синдикат на Здравје Актавис од Лесковац, Србија. Предавач беше Снежана Јанкова-Петковска од ДПИУ ПРОГЕН З ДОО Скопје.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Скопје**

Организирани средби и превземени активности во АД „Пелистерка“ , ЈП „Водостопанство Вардар-Скопје“, „Нико Компјутери“ и АД „ЗИМ“- Скопје за нивно зачленување и активирање на уплатата на членарината.

Извршен е вонреден попис на основните средства во зградата на Сојузот на синдикатите на Македонија, во синдикатот на СРСВМ, каде дојде до промена на раководството.

**РСП Велес**

Посети на винариите „Стоби“ и „Вардар Градско“ од Градско, Агенција за обезбедување на фирми и домови и подрачното Министерство за земјоделие, заради добивање на бројот на евидентираните земјоделци и нивно зачленување, во координација со претседателот на АГРО синдикатот, Живко Даневски.

Жалби на два работника од фабриката за шински возила „Колска“, за неплатен стаж. По извршениот разговор со претседателот на СО и раководителот во фабриката, проблемот беше позитивно решен.

**РСП Тетово**

По налог на претседателот на АГРО синдикатот, Живко Даневски беа извршени разговори со раководниот кадар на Млекара Тетово каде беше констатирано дека Млекарата повторно работи и редовно се исплаќа плата и придонеси. Од страна на секретарот на РСП Тетово беше иницирано повторно да се зачленат вработените во Млекарата, за што беше известен и претседателот на АГРО синдикатот.

На 3 март беше поднесен Приговор од поранешните вработени во Полет Тетово во стечај до Основниот суд Тетово, против Предлог планот за распределба на недвижен имот на стечајниот управник, а согласно чл. 9 став 3 од Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација. На 05.03.2014 година по барање на стечајниот судија беа направени консултации во Основниот суд Тетово во врска со поднесениот Приговор, решавање по истиот и донесување конечно решение за распределба на недвижниот имот на стечајните доверители.

**РСП Прилеп**

Одржан работен состанок на 13.03.2014г. за промоција на стандардите за безбедност и здравје при работа, на покана на Државниот трудов инспекторат а учество земаа покрај синдикатот и претставници на фирми и установи од регионот на Прилеп.

Средби на вработени во УЈП Прилеп со претседателот на синдикатот на УПОЗ, Пецо Грујовски и претседателот на СО на УЈП на РМ, Васе Најденов за нивно зачленување.

При оваа посета беа зачленети и вработени од Казнено поправната установа Прилеп.
Контакти со вработени во ЈЗУ Здравствен дом Крушево, Катастар- Крушево, ЈКП Водовод и канализација Прилеп и Еурокомпозит АД Прилеп, за кои средби и контакти, како и за тековните проблеми кои ги имаат фирмите и вработените во нив, беа известени одредени гранкови синдикати.

**РСП Кавадарци**

Одржан состанок и консултации со 50-тина стечајни работници од МИК Кавадарци во стечај, како доверители во стечајна постапка, околу седницата на Одборот на доверители во Основниот суд Велес.

Состанок со членови на Синдикалниот и Надзорниот одбор при ЈЗУ Здравствен дом Кавадарци, за улогата на членовите во СО и Правилникот за доделување на парична помош од Синдикалниот фонд на здравство, фармација и социјална заштита.

Учество на Синдикалната школа на синдикатот на УПОЗ која се одржа од 13 до 15 март 2014 година во „Цар Самоил“- Банско, Струмица.
Пружена правна помош на 21 вработен во Кавадарци и тројца во Неготино.

**РСП Куманово**

Изготвување на тужби на поранешни вработени во Тутунски Комбинат Куманово за остварување на правото за исплата на паричниот надоместок до Управниот суд.

Состанок со стечајните работници од Куманово, кои поднесоа барања, а потоа тие барања писмено беа доставени до Советот на ССМ.

Одржани две средби со стечајниот управник на „Жито Мел“ од Куманово заради побарувањата и статусот на вработените кои и по две години не се одјавени.

**РСП Делчево**

Средба со вработени во АД„Палтекс“- Делчево на која е дискутирано за избор на нов претседател на ОСО. Предлозите беа доставени и до синдикатот на СТКЧ.

Извршен разговор со овластени лица во Агенцијата за вработување- Делчево во врска со списокот на лица кои ги опфаќа Законот за обесштетување на невработени лица на кои им престанал работниот однос од претпријатијата со доминантна државна сопственост, каде се доби одговор дека списокот се уште не е доставен.

Пружена правна помош на вработени во ДНЗ Здравствен дом „Гоце Делчев“- Делчево и ДООЕЛ „Далија Табак“ исто од Делчево.

**РСП Пробиштип**

Зачленување на нови членови од „Стрмош“ АД Пробиштип во синдикатот на СХНМ.
Изборен состанок со сите вработени од ЈП „Никола Карев“-Пробиштип, кои беа членови на КСС а сега се во синдикатот на СУТКОЗ .

**Синдикална канцеларија Гостивар**

Обраќања на група вработени од ЕВН Електростопанство на Македонија од Гостивар да им се изготви Барање кое ќе биде доставено до Одделот за човечки ресурси на ЕВН а во кое се бара обезбедување на превоз до работното место и обратно и зголемување на коефициентот за трошоците за патување.

Извршени разговори и консултации со претседателот на синдикатот на Министерството за труд и социјална политика, подрачна единица Гостивар, Јане Петрески во врска со проблемите на синдикална организација, во присуство на секретарот на РСП Тетово, Трифун Цветковски и правникот Новица Алексиевски.

**Синдикална канцеларија Кичево**

Одржана средба со вработени од УЈП Кичево заради зачленување во гранковиот синдикат, а во присуство на претседателот на УПОЗ синдикатот, Пецо Грујовски, претседателот на СО на УЈП, Васе Најденов и координаторот на канцеларијата, Борис Андрески.

Одржана средба со претседателот на СО на Локалната самоуправа Кичево заради навремено уплаќање на синдикалната членарина.

**Синдикална канцеларија Дебар**

Остварени контакти и извршени разговори и консултации со вработени од ЈКП- Стандард- Дебар, заради назначување нов претседател на ОСО, Републичката асоцијација за ХТЗ, во однос на заштита при работа и „Кнауф – Радика“ АД Дебар, околу потпишување на Колективниот договор.

**Синдикална канцеларија Македонски Брод**

Одржани избори за нов претседател и нови членови на Синдикалната Организација при ЈП „Водовод и канализација“- Македонски Брод, на кои присуствуваше и претседателот на СУТКОЗ, Зоран Георгиевски.

На 14.03.2014 година се одржа работен состанок во соработка со Трудовиот инспекторат на проектот „Граѓански организации како активни социјални актери во промоција на стандардите за Безбедност и здравје при работа“. Предавачи и организатори на работниот состанок беа претставници од Македонското здружение за заштита при работа, Министерството за труд и социјална политика и од Европската фондација ENETOCH.

Остварена средба со претседателот на синдикалната организација на ШС„Сандански“ при ЈП „Македонски шуми“- Македонски Брод. На средбата беше разговарано за тековните проблеми во синдикалната организација.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та Ударна Бригада“бр. 2а, 1000 Скопје
контакт тел. 02 3161374, 02 3225 937